Ceresit

# CT 99

## Средство за отстранување на мувла и габи

**Концентрат за репарација за отстранување на габи, мувла, лишаи, мов и бактерии**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Едноставен за употреба
- Не содржи тешки метали
- Може да се бои
- Отстранува мувла на фасади и внатрешните ѕидови

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CT 99 ја уништива мувлата, лишаите, алгите и мовта. Може да се употребува на внатрешни и надворешни ѕидови, да се нанесува на постоечка боја, малтер, бетон и сл. Наменет е за употреба во домаќинство и јавни објекти.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Како прво, треба да се најде причината за појава на мувлата, алгите и да се отстрани изворот кој е причинител за создавање на влажност! CT 99 може да се нанесува на суви и чисти подлоги, како што се слоеви на боја, малтери, бетон итн. Да се отстрани прашината и нечистотијата со помош на четка без вода. Со челична четка да се отстрани постоечката мувла, лишај, алги и мов во што поглема мера.

### НАЧИН НА УПОТРЕБА

Пакувањето CT 99 е подготвено за употреба и содржи распрскувач кој го олеснува нанесувањето. Биоцидниот производ CT 99 испрскајте го на целата контаминирана површина. Препорачана доза: 0,15 до 0,25l/m2 (120-150 притискања на прскалката).

После нанесувањето на CT 99 потребно е да се причека 8-10 часа, а после може да се нанесе основниот премаз, малтер, итн.

Алатот да се испере со вода.




### ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Нанесувањето се изведува во суви услови на собна температура и температура на површината од +5°C до +25°C и релативна влажност на воздухот под 80%. Сите податоци се добиени на температура од 20°C и релативна влажност на воздухот 60%. Под други услови може да дојде до побрзо или поспоро зацврстување на производот. CT 99 содржи органски биоциди кој ги надразнуваат очите, кожата и респираторниот систем. Забрането е да се пуши и јаде при нанесувањето. Потребно е да се носат заштитни ракавици и наочари. Дамките од производот веднаш да се исперат со вода. Ако дојде во допир со очите, да се испере со вода неколку минути и да се консултира лекар. Просториите во кои се нанесува производот, да се проветрат после употреба на средството, додека го снема мирисот. Производот да се чува подалеку од храна. Да се чува подалеку од деца. При употреба задолжително прочитајте ги сите информации на етикетата на производот.

## РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

До 12 месеци од датумот на производство кога е складирано на палети во сува и ладна просторија, во оригинално неоштетено пакување. Да се заштити од мрзнење!

## ПАКУВАЊЕ

Пластична канта со дозер 0,5л.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| | |
|---|---|
| Состав: | воден раствор од активни супстанци |
| Густина: | приближно 1,0 кг/дм$^3$ |
| Температура при нанесување: | од +5°C до +25°C |
| Време на сушење: | отприлика 4 часа |
| Потрошувачка: | |
| Подготвен за употреба | од 0,06 до 0,07л/м$^2$ |

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој технички лист ги заменува сите претходни.